# ФАСИЛ В

*Материјал за хидрофобна импрегнација на бетонски површини на база на силанска емулзија без растворувачи*

*Одговара на EN 1504-2 :2004 / 1.1(H); 2.1 (H);8.1 (H)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За хидрофобна импрегнација на надворешни и внатрешни бетонски површини. Фасил В може да се нанесе на изведена подна или ѕидна површина, а се користи и при производство на префабрикувани елементи изработени од бетон. Хидрофобната импрегнација предизвикува промена на површинскиот напон на бетонската подлога, при што се формира водорепелентна површина која спречува понатамошен продор на вода и агресии (соли, хлориди и сулфати).

## СВОЈСТВА

- Водоодбоен(формира водорепелентни површини);
- Паропропусен;
- Водонепропусен;
- Не го менува површинскиот изглед;
- Висока отпорност на алкалии;
- Ја зголемува отпорноста на третираните површини на мраз и соли;
- Ја намалува капиларната апсорпција на водата на бетонските пресеци;
- Го спречува продорот и миграцијата на хлориди;
- Ја спречува појавата на исолување;
- Лесна и едноставна изведба со четка/валјак или распрскување;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Бела течност |
| Густина | - | 0.96 ÷1.02 g/cm³ |
| Длабочина на пенетрација | EN 13578<br>EN 14630 | Класа I : < 10 mm |
| Апсорпција на вода | EN 13580 | < 7.5 %<br>(Во споредба со нетретирани примероци) |
| Отпорност на хемикалии | EN 13580 | < 10 %<br>(По потопување во алкален раствор) |
| Коефициент на брзина на сушење | EN 13579 | Класа I: > 30 % |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА,

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА :

Бетонската подлога која се третира со Фасил В треба да е чиста, обеспрашена, без остатоци од боја и масла. Чистењето на подлогата се врши со воздух или вода под притисок или со пескарење. Се препорачува апликацијата на Фасил В да се врши на сува површина (максимум 6% влажност на подлогата). Доколку на подлогата има пукнатини, потребно е истите да се санираат.

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ВГРАДУВАЊЕ:

Апликацијата на Фасил В се врши со четка, ваљак или со распрскување. Материјалот се нанесува во една работна постапка до заситување на подлогата без прекин на аплицирањето додека не се обработи целата површина. Врз засушен слој не смее да се нанесува нов слој. Да се избегнува задржување на поголема количина од материјалот на површината.

Кај сериско производство на бетонски павер елементи , Фасил В може да се аплицира со потопување на истите во базен наполнет со Фасил В во времетраење од 15-20 секунди. Не се нанесува доколку температурата на површината е под 5ºC и над 35ºC, или доколку се очекуваа дожд и силен ветер во период од 3 часа по нанесувањето на материјалот.

Пред апликација, потребно е да се промеша материјалот.

## ПОТРОШУВАЧКА

Потрошувачката зависи од порозноста на подлогата. Вообичаената потрошувачка за еден слој изнесува помеѓу 0,125 -0,25 кг/м$^2$ кај бетонски површини, од 0,3 - 0,5kg/m² кај многу порозни површини и павер елементи. Пробна апликација треба да се изведе кај сите површини со цел одредување на вистинската потрошувачка.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Пластично шише од 1.0 kg ;
Пластични канти од 5 и 20 kg;
Пластично буре од 200 кг;
Контејнер од 1000 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 30ºC, заштитен од директно изложување на сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.



Хидрофобна импрегнација



| | |
|---|---|
| Бетонски елемент третиран со Фасил В | Бетонски елемент без Фасил В |






ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## CE ОЗНАКА :

CE

2032

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат(улица 1409)бр.11, 1060**

**Скопје, Република Северна Македонија**

**18**

**GLCA001/4**

**EN 1504-2:2004**

**ФАСИЛ В**

**Хидрофобна импрегнација за површинска заштита на бетон**

| | |
|---|---|
| **Длабочина на пенетрација:** | **Класа I < 10 mm** |
| **Апсорпција на вода и** | **< 7.5% во споредба со нетретирани примероци** |
| **Отпорност на алкалии:** | **< 10 % по потопување во алкален раствор** |
| **Коефициент на брзина на сушење :** | **Класа I > 30 %** |
| **Опасни супстанци :** | **Не е определено** |

Опасност по здравјето:
Фасил В не содржи токсични материи. И покрај тоа, потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на прскање на кожата или очите, потребно е да се плакнење со чиста вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. При работа (особено со распрскување) потребно е да се користи заштитана опрема(очила,маска и ракавици.)
Пожар: Фасил В е незапалив.
Чистење и депонирање:
Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ